**Одбележување на Глобалната недела на парите 2025 година: „Размисли пред да „заследиш", за безбедност на твоите пари во иднина"**

ВФП Пензиско друштво АД, Скопје ќе ја одбележи **Глобалната недела на парите 2025 година** со едукативни предавања за подигање на свеста кај младите.

Темата на која е посветена годинешната Глобална недела на парите е: „Размисли пред да „заследиш", за безбедност на твоите пари во иднина" (Think before you follow, wise money tomorrow).

Темата се осврнува на сложеноста на современите дигитални финансиски трендови, појавата на лица што даваат совети за финансиските инвестиции и зголемената употреба на вештачката интелигенција при утврдувањето на веродостојноста на финансиските информации и совети, особено за младите.

Во меѓународни рамки, Глобалната недела на парите се одбележува од 2012 година, со единствен прекин во 2020 година поради пандемијата, во организација на Организацијата за економската соработка и развој (ОЕЦД). Оваа глобална иницијатива, којашто досега се одбележува во повеќе од 176 земји во светот и со која се опфатени 60 милиони деца и млади, ја подигнува свеста кај младите за финансиската едукација и нивните знаења за парите, штедењето, вработувањето и претприемаштвото.

Повеќе информации за Глобалната недела на парите се достапни на врската:

www.globalmoneyweek.org